Согласно Законот за практиканство (Службен весник на РСМ бр.98/2019) и Законот за волонтерство (Службен весник на РСМ бр. 85/2007, 124/2019, 103/2021), Наставно-научниот совет на Институтот за комуникациски студии, на ден 29.01.2025 година донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТЕЊЕ СО ПРАКТИКАНТИ И ВОЛОНТЕРИ

I. Општи одредби

Член 1

Овој правилник го уредува начинот, постапките и условите за вклучување, организирање и следење на работата на практикантите и волонтерите во рамки на работењето на Институтот за комуникациски студии (во понатамошниот текст: Институтот). Институтот препознава дека и практиканството и волонтерството се важни форми на вклучување на младите, студентите и останатите заинтересирани лица во практична, општествено корисна и образовна дејност.

Целта на овој правилник е да обезбеди фер, правично и транспарентно управување со лицата кои се ангажирани како практиканти или волонтери, да ги заштити нивните права и да обезбеди јасни механизми за нивен развој, надзор и признавање.

II. Практиканство

Член 2

Практиканството претставува работна активност којашто вклучува компонента на работа преку учење и здобивање на практични работни вештини, која се реализира во ограничен временски период, со цел стекнување на практични знаења и вештини поврзани со професионалната дејност на Институтот.

Практикантот не е во работен однос и нема статус на вработен, ниту пак истото претставува вршење на приправнички стаж, волонтерски стаж и пробна работа, туку на лице што учи преку работа под менторство.

Член 3

Право на практиканството имаат невработени лице на возраст до 34 години, кои имаат најмалку завршено основно образование, а приоритет имаат студентите од соодветните области на работење на ИКС. Секое практиканство се реализира врз основа на писмен договор, кој претходи на почетокот на практичниот ангажман.

Член 4

Практиканството може да трае најмногу до шест месеци. Бројот на ангажирани практиканти не смее да го надмине максималниот број кој е определен врз основа на бројот на вработени на неопределено време во Институтот, согласно Законот за практиканство (Службен весник на РСМ бр.98/2019).

Во договорот за практикантската работа се дефинира времетраењето, описот на задачите, права и обврските на практикантот и менторот, како и евентуалниот месечен надомест.

Член 5

Практикантот има право на менторска поддршка, на безбедни и здрави услови за работа, на обука ако е потребна, како и на добивање на потврда за стекнатото искуство. Практикантот има право да биде запознаен со општите акти на Институтот.

Има право на дневен и неделен одмор, исто како вработените на Институтот, како и на платен одмор во траење од два работни дена месечно (доколку работи со полно работно време) или еден работен ден месечно (доколку работи со неполно работно време).

Практикантот е должен да ја почитува етичката рамка и внатрешните политики на Институтот, да ги извршува доделените задачи свесно и да чува доверливи податоци.

Практикантот за време на практикантската работа има право на месечен надоместок, чија висина се утврдува во нето износ за полно работно време во зависност од времетраењето на практикантската работа и тоа:

- Од 42% до 74% од минималната нето плата, утврдено согласно закон, за практикантска работа до три месеци и
- Во висина на минимална нето плата утврдена согласно закон, за практикантска работа над три месеци (сметано од четвртиот месец).

III. Волонтерство

Член 6

Волонтирањето е доброволна активност на физички лица кои без надомест, а со посветеност и одговорност, придонесуваат во реализацијата на програмските и јавните цели на Институтот.

Волонтерите не претставуваат вработени, туку еден вид на соработници на Институтот кои доброволно и без надомест даваат свој придонес во образовни, истражувачки или административни дејности.

Член 7

Секој полнолетен граѓанин може да се вклучи како волонтер. Волонтер може да биде и малолетно лице со писмена согласност од неговите родители или старатели.

Волонтерот склучува писмен договор со Институтот, во кој се прецизираат задачите, правата, обврските, времетраењето и евентуалниот надомест за направените трошоци. (транспорт, обука, храна).

Член 8

Волонтерите се вклучуваат врз основа на програма за волонтирање (Прилог 1), каде се утврдува потребата, профилот, целите и очекуваните резултати. За секој волонтер се назначува лице-ментор или координатор, кој го следи процесот, дава повратна информација и обезбедува поддршка.

Член 9

Волонтерите имаат право на:

- Обука и ориентација;
- Услови за безбедна работа;
- Почитување и рамноправен третман;
- Надомест на однапред договорени трошоци за волонтерство (храна, превоз од-до, службени патувања)
- Признание за нивниот придонес (потврда, препорака, евиденција).

Тие се должни да:

- Ги извршуваат задачите навремено и совесно;
- Ги почитуваат политиките на Институтот;
- Информираат за отсуството или промени;
- Чуваат доверливи информации.

IV. Постапка и престанок на ангажман

Член 10

Аплицирање: Институтот објавува јавен повик на својата веб-страница или прима на е-пошта иницијативни пријави. Секој кандидат доставува кратка биографија и мотивациско писмо.

Селекција: Се прави интервју или внатрешна проценка врз основа на квалификации и интереси.

Договор: Се склучува договор за волонтерство или практиканство, потпишан од двете страни.

Обука и ориентација: Пред почеток на активностите, волонтерот или практикантот добива основна обука, информативна сесија и материјали.

Следење: Менторот или координаторот води евиденција и редовно комуницира со вклученото лице.

Член 11

Ангажманот може да заврши:

- Со истек на договорениот период;
- По желба на практикантот/волонтерот со писмено известување;
- По проценка на Институтот за несоодветно однесување, недостиг на ангажман, прекршување на политики или доверливост.

Во сите случаи, се издава потврда за учество, освен ако ангажманот не е прекинат поради сериозно прекршување на правилата.

V. Завршни одредби

Член 12


Овој правилник стапува на сила со денот на неговото усвојување.

Се применува на сите нови и постојни ангажмани и претставува основа за воспоставување одржливи, етички и правно уредени односи со практиканти и волонтери.

Скопје, 29.01.2025 година

Овластено лице

д-р Марина Тунева





ПРИЛОГ 1:

ПРОГРАМА ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

1. Цел на програма

Со оваа Програма се пропишува начинот на вршење на волонтерски услуги во Институтот за комуникациски студии (во понатамошниот текст: ИКС), согласно Законот за волонтерство.

Целта на оваа волонтерска програма е да се вклучат младите волонтери кои ќе придонесат во реализацијата на комуникациските и промотивните активности на ИКС, со фокус на видливост на проектите, логистичката поддршка на настани и ангажман на социјалните мрежи. Преку оваа Програма, волонтерите ќе стекнат практични вештини во областа на комуникациите, односно со односи со јавност и медиумите.

2. Целна група

Волонтер во ИКС е физичко лице со завршено високо образование или стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или со завршено средно образование, кое дава услуги, знаења, вештини или вршење на други активности во корист на ИКС, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

3. Број и профил на волонтери

Во ИКС, може да се ангажираат волонтери во согласност со:

- Потребите на ИКС;
- Определбите на Директорот на ИКС.

Директорот на ИКС бројот на волонтери кои се ангажирани во ИКС го определува согласно условите и тековната работа на ИКС.

4. Опис на активности

- Истражување теми и изработка на објави за Фејсбук, Инстаграм и веб-страницата на ИКС
- Помош при организација и спроведување на јавни настани (дебати, конференции, обуки, работилници и слично)
- Дизајн на едноставни графички материјали и фотографии
- Следење медиумска покриеност на проектите
- Учество на состаноци на тимот и креирање на извештаи по завршените активности.

5. Очекувани резултати

- Подобрена видливост на активностите на ИКС;
- Навремена логистичка поддршка
- Зголемен ангажман на дигиталните платформи
- Подготвени извештаи, визуелни и медиумски материјали
- Обука и искуство на волонтерите во практична комуникациска работа.

6. Права и обврски на волонтерите

Волонтерот за давањето на услуги, знаења и вештини за работите од надлежност на ИКС, има право на надомест на трошоци за храна и трошоци за превоз до и од местото на волонтирањето, најмногу во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

За извршената волонтерска работа на волонтерот му се издава потврда за учеството и препорака за завршување на програмата, односно волонтерска книшка која служи како евиденција за волонтерската работа над 40 часа месечно.

Волонтерската книшка содржи:

1. Лични податоци на волонтерот
2. Податоци за ИКС како организатор на волонтирањето
3. Евиденција за видот и времетраење на волонтерската работа
4. Оценка за придонесот.

Доколку волонтерот веќе поседува волонтерска книшка, истата само се надополнува.

Правата и обврските на волонтерите кои произлегуваат од вршењето на волонтерската услуга во ИКС ќе бидат регулирани со договорот за волонтерство согласно прописите за волонтерство.

7. Менторство и надзор

Секој волонтер ќе добие ментор односно координатор од редот на вработени од ИКС, со кои ќе има редовни неделни состаноци.

Менторот т.е. координаторот ќе ги упатува, дава повратна информација и ќе ја следи реализацијата на задачите.

Евиденцијата на волонтерската работа ја води ?? кое ги внесува следните податоци:

- Лични податоци на волонтерот (име и презиме, матичен број и место на живеење)
- Број на договор склучен со физичко лице (волонтерот);
- Времетраење на волонтирањето;
- Времетраење на волонтерските часови во текот на месецот;
- Вид и времетраење на обуката која волонтерот ја имал за време на волонтирањето;
- Потпис на волонтерот и лицето овластено за застапување и печат.

8. Мерки за безбедност и вклученост

- Сите волонтери ќе бидат запознаени со внатрешните акти на ИКС (особено политиката за работа на ИКС, политиката за заштита на личните податоци и сл.)
- Се обезбедува безбедна работна средина и почитување на достоинството на волонтерот.
- Во случај на волонтери со возраст под 18 години, ќе се бара писмена согласност од родител/старател.